# Политика за приватност и безбедност на информации

## Резиме

EOS Matrix е компанија за управување со побарувања, прва на пазарот во Република Северна Македонија. Наши основни деловни активности се наплата и откуп на побарувања. Членка сме на меѓународната групација EOS, водечки европски давател на финансиски услуги надвор од банкарскиот и осигурителниот сектор.

***„За свет без долгови“*** - ова е изјавата во која се сумира начинот на кој работиме и причината заради која се стремиме да ги задоволиме високите стандарди за безбедност на информациите со кои располагаме.

Како дел од групацијата EOS, ние сме посветени на јасно дефинирани вредности. Безбедноста на личните податоци ја сметаме како фундаментално право на поединецот, а чувањето на овие податоци го сметаме за наша должност. Обезбедувањето на нивниот интегритет, доверливост и достапност е наш императив.

Со своите клиенти соработуваме како давател на услуги, а истовремено и како партнер, додека кон должниците се однесуваме како кон клиенти на нашите клиенти. Се фокусираме на изнаоѓање на решенија кои ги задоволуваат сите засегнати страни, истовремено применувајќи највисоки стандарди за безбедност на информациите и заштита на личните податоци.

Политиката за приватност и безбедност на информациите претставува определба на менаџментот на EOS Матрих ДООЕЛ – во продолжение “Друштвото” - за имплементирање, одржување и унапредување на системот за управување со приватност и безбедност на информации. Овој систем обезбедува доверливост, интегритет и достапност на информациите кои се однесуваат на работењето на Друштвото, како и соодветен степен на безбедност при собирање, обработка и пренос на личните податоци.

Друштвото ги следи процесите, информациските системи и средства врз основа на пристап базиран на ризик, при што ги презема сите технички и организациски мерки за заштита на информациските средства од внатрешни, надворешни, намерни или ненамерни закани со цел безбедноста на информациите и приватноста на поединците да не биде нарушена.

Правата на субјектите на лични податоци секогаш се почитуваат при прибирање и обработка на податоците.

Со цел потврдување на заложбите за обезбедување на приватност и безбедност на информации како и заштита на личните податоци при нивна обработка, Компанијата има имплементирано систем за управување со безбедноста на информациите ISO 27001 во 2016 година, и Систем за управување со приватност на информациите ISO 27701 во 2023 година.

**Со безбедноста на информациите управуваме на начин што:**

- постојано го следиме и надградуваме системот за управување со информациска сигурност,
- постојано го следиме и надградуваме системот за управување со приватност на информациите,
- ги контролираме нашите ризици и ги доведуваме на прифатливо ниво,
- обезбедуваме деловен континуитет,
- постојано се грижиме за одржување на високо ниво на свесност за важноста на информациската сигурност кај нашите вработени.

Одржувањето на безбедноста на информациите е клучна активност за нашиот успех, а воедно и задоволството на сите заинтересирани страни. За таа цел, избравме да ги почитуваме меѓународно признатите стандарди ISO 27001: 2022 и ISO 27701:2019 и препораките на истите. Нашиот Офицер за заштита на лични податоци е сертифициран од меѓународно тело за сертификација PECB https://pecb.com/en . Истовремено, доследно ги почитуваме сите законски прописи за заштита на податоците во Република С. Македонија, како и препораките од матичната компанија.

## Стратешки цели за информациска безбедност

- Обезбедување на доверливост, интегритет и достапност на податоците со кои Друштвото располага
- Почитување на принципите за приватност на субјектите на лични податоци и обезбедување на одговорност за преземените акции кај секој вработен во Друштвото
- Обезбедување на непобивање - законски прифатливо убедување дека пренесените информации се издадени и примени од точните, соодветно овластени субјекти.
- Превенирање на губење на податоци – намалување на веројатноста за губење на податоци и/или итекување на доверливи/заштитени податоци
- Континуирано мониторирање и подобрување на процесите и контролите на обработката на податоци врз основа на пристап заснован на ризици.

## Принципи за приватност и обезбедување на безбедност на информациите

Друштвото ги следи следниве принципи со цел континуирано обезбедување на приватност и безбедност на информациите.

- Примена на меѓународни стандарди и на постојната законска регулатива за безбедност на податоци и архивско работење
- Следење и примена на законска регулатива на РСМ, поврзана со безбедноста на информациите, како што се заштита при работењето, заштита на лични податоци итн.
- Обезбедување на ресурси за примена на технички мерки за обезбедување на физички безбедна средина како за податоците, имотот и за вработените.
- Редовна проценка на ризиците за загрозување на доверливоста, интегритетот и достапноста на информациите и преземање мерки за нивно сведување на прифатливо ниво.
- Изработка на Data Protection Impact Assessment (DPIA) за секој нов систем или процес кој вклучува обработка на лични податоци од голем размер, обработка на чувствителни лични податоци или има голем степен на ризик
- Контрола на пристапот до информациите.
- Чување записи од акциите кои вработените во Друштвото ги презеле во информацискиот систем на Друштвото.
- Навремено детектирање и справување со инциденти и слабости во безбедноста на информациите преку користење на внатрешен систем за пријавување на инциденти (Incident Management System) како и редовни тестирања на опремата и информацискиот систем за ранливости кои можат да се појават како од внатрешен, така и од надворешен фактор.
- Обезбедување на деловен континуитет во работењето, за критичните процеси на Друштвото со одржување на постојана техничка и ресурсна подготвеност на

секундарната локација.

- Редовни обуки на вработените за заштита на лични податоци и безбедност на информации, со цел обезбедување на свесност на вработените за оваа политика и одговорностите кои произлегуваат од неа.
- Примена на дополнителни политики, упатства и правила во секојдневното работење на Друштвото кои ја поддржуваат, надополнуваат и комплементираат оваа политика како што се политики за пристап, за класификација и управување со информациите, политика за правилна примена на средствата итн.
- Тестирање на безбедноста на информацискиот систем преку надворешни сертифицирани компании.
- Назначување на Офицер за информациска безбедност кој ќе ги координира сите активности на системот за управување со безбедност на информациите и доделување на одговорности кај другите вработени.
- Назначување на Офицер за заштита на лични податоци кој ќе ги координира сите активности на системот за управување со приватност на информациите и барањата на Закон за заштита на лични податоци, како и доделување на одговорности кај другите вработени.

## Клучни резултати

- Друштвото нема да има непланирани прекини во достапноста на информациите.
- Интегритетот и доверливоста на информациите нема да се нарушени.
- Клиентите и соработниците ќе ја одржат довербата во Друштвото.
- Влијанието на нарушувањето на личните податоци ќе биде ограничено и намалено на минимум.

Политиката за приватност и безбедност на информациите е одобрена од Управителот на Друштвото и е предмет на годишна ревизија.

12.09.2025

**Друштво за финансиски консалтинг и услуги**
**EOS Матрих ДООЕЛ Скопје**
**Главен извршен директор**
**Д-р Катерина Бошевска**